УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

Никола В. Димитров
Цане Котески

# ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА



Штип, 2022

Никола В. Димитров & Цане Котески

# ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА

**второ издание**

**Автори:**
проф. д-р  Никола В. Димитров
проф. д-р Цане Котески

ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА
второ издание

**Рецензенти:**
Прод. д-р Благоја Маркоски
Проф. д-р Златко Јаковлев

Лектор:
**Проф. д-р Трајко Огненовски**

**Уредник:**
Проф. д-р Никола В. Димитров

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

DOI https://www.doi.org/10.46763/9786082448770

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
911.3:338.48(035)(075.8)

ДИМИТРОВ, Никола В.

Туристичка географија [Електронски извор] / Никола В. Димитров, Цане Котески. - 2. Изд. - Текст во PDF формат , содржи 248 стр., илустр. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2022

Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/1048. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 29.03.2022

ISBN 978-608-244-877-0

1. Котески, Цане [автор]
а) Географија - - Туристички аспекти - - Високошколски учебници б) Туристичка географија - Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 56826117

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Цане Котески

# ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА

**- второ издание -**



**Штип, 2022**

**СОДРЖИНА**


**Предговор** ........................................................................................ **7**
**Вовед** ................................................................................................ **9**
**ПРВ ДЕЛ** ........................................................................................... **11**
**ОПШТА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА** *(Димитров)*.............................. **11**
**I. ОСНОВИ НА ТУРИСТИЧКАТА ГЕОГРАФИЈА** .................................. **11**
**1. Поим, предмет, задачи и цели** ..................................................... **11**
**2. Методи и принципи** ...................................................................... **13**
**3. Местото на туристичката географија во науката и наставата**... **15**
**4. Поделба на туристичката географија**........................................... **20**
**5. Историско – географски развој на туристичката географија** ... **21**
5.1. Патувања со елементи на туристички движења ........................ 26
5.2. Туристички движења во деветнаесеттиот век .......................... 32
5.3. Туристички движења во дваесеттиот век .................................. 35
5.4. Туризмотво 21 век и идните футуристички движења ................ 37
**II. ЕЛЕМЕНТИ И ФАКТОРИ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДВИЖЕЊА ВО ГЕОГРАФСКИОТ ПРОСТОР** ........................................................... **40**
**1. Елементи на туристичките движења**............................................. 40
1.1. Просторни елементи .................................................................. 40
1.2. Функционални елементи ............................................................ 42
1.3. Рекреативни елементи ............................................................... 43
1.4. Културни елементи ..................................................................... 44
**2. Туризмот како просторно – географска појава и вредност** ........ 45
2.1. Туризмот како миграциска појава ............................................... 45
2.2. Просторно – содржинска основа на туризмот ........................... 45
2.3. Географската положба како просторна туристичка вредност ... 46
2.4. Интеграција, географска средина – туризам ............................. 49
**3. Мотивски фактори кои влијаат на туристичките движења** ........ 49
3.1. Дефиниција, својства и видови ................................................. 49
3.2. Иницијативни или придружувачки мотивски фактори ............... 50
3.3. Атрактивни мотивски фактори ................................................... 54
3.4. Комуникативни мотвски фактори ............................................. 55
3.5. Рецептивни мотивски фактори .................................................. 70
**4. Други фактори кои влијаат на туристичките движења** .............. 71
4.1. Економски фактори ..................................................................... 71
4.2. Политички фактори ..................................................................... 72
4.3. Културни фактори ....................................................................... 72
4.4. Организациони фактори ............................................................. 72
**5. Природно - географски вредности на туристичките движења** ... 73
5.1. Релјеф – геоморфолошки мотивски вредности ......................... 73
5.2. Геолошки мотивски вредности .................................................. 89
5.3. Климатски мотивски вредности ................................................. 91
5.4. Хидрографски мотивски вредности ........................................... 102
5.5. Биогеографски мотивски вредности ......................................... 131
5.6. Мотивски вредности на националните паркови......................... 136
5.7. Мотивски вредности на недопрената природа, небесни тела и

вселенски појави........................................................................ 137
5.8. Пејзажот и хомохабитатот како природна мотивска вредност... 141

**6. Антропогено – географски мотивски вредности на туристичките движења**......................................................... 143
6.1. Етносоцијални или етнографски мотивски вредности ............ 144
6.2. Културно–историско–уметнички мотивски вредности ............ 145
6.3. Амбиентални мотивски вредности ........................................... 148
6.4. Манифестациски мотивски вредности ...................................... 149
6.5. Антропогени пејзажни мотивски вредности ............................. 150
**7. Видови туризам и нивна географска разместеност** .................... 150
**8. Туристичка валоризација на географскиот простор** ................ 152
8.1. Валоризација на природните мотиви ......................................... 152
8.2. Валориацијa на антропогените мотиви ..................................... 157

**ВТОР ДЕЛ** ....................................................................................... 159
**ПОСЕБНА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА** *(Димитров&Котески)* .......... 159
**I. РЕГИОНАЛНА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА** .................................... 159
**1. Регионализација, типологија и хиерархија на туристичките региони** ........................................................................................ 159
**2. Општи карактеристики на туризмот во светот и поделба по континенти и туристичко - географски региони** .......................... 163
**II. РЕГИОНАЛЕН ПРЕГЛЕД НА ТУРИЗМОТ ПО КОНТИНЕНТИ И РЕГИОНИ** .......................................................................................... 167
**1. Регионален преглед на туризмот во Европа** ............................... 167
1.1. Туризмот во Јужна Европа........................................................ 169
1.1.1. Средоземноморски туристичко - географски регион .......... 169
1.1.2. Алпски туристичко - географски регион ............................. 199
1.2. Туризмот во Западна Европа...................................................... 212
1.3. Туризмот во Средна Европа........................................................ 216
1.4. Туризмот во Северна Европа ..................................................... 219
1.5. Туризмот во Источна Европа ..................................................... 221
**2. Регионален преглед на туризмот во Америка** .............................. 223
2.1. Туризмот во Северна Америка .................................................. 223
2.2. Туризмот во Средна Америка .................................................... 228
2.3. Туризмот во Јужна Америка ...................................................... 229
**3. Регионален преглед на туризмот во Австралија и Океанија** ...... 231
3.1. Туризмот во Австралија ............................................................ 231
3.2. Туризмот во Океанија ................................................................ 232
3.3. Туризмот во Нов Зеланд ............................................................ 232
**4. Регионален преглед на туризмот во Азија** ................................... 233
4.1. Туризмот во Источна Азија ........................................................ 233
4.2. Туризмот во Југоисточна Азија .................................................. 235
4.3. Туризмот во Јужна Азија ........................................................... 236
4.4. Туризмот во Југозападна Азија .................................................. 237
**5. Регионален преглед на туризмот во Африка** ............................... 239
5.1. Туризмот во Северна Африка .................................................... 239
5.2. Туризмот во Источна Африка .................................................... 240
5.3. Туризмот во Јужна Африка ........................................................ 241

**ЛИТЕРАТУРА** ........................................................................................ 243

## Предговор

Туристичката географија е една од водечките научни области во туризмот и воопшто во туристичката индустрија. Токму поради тоа, авторите на учебникот по туристичка географија прават обид, на студентите на Факултет за туризам и бизнис логистика, при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, односно на студентите од студиските програми по туризам, гастрономија и исхрана, да им ги презентираат главните методолошко – географски прашања на општата и посебната или регионална туристичка географија. Исто така, учебникот е наменети и за поширока употреба, односно за лица кои сакаат да добијат повеќе сознанија за туристичката географија или географијата на туризмот.

Учебнкот е второ изменето и дополнето издание кое е слогласно промените во студиската програма по наставниот предмет Туристичка географија.

Текстот што е презентиран е конципиран во два дела и четири поглавја.

Првиот дел, е посветен на Општа туристичка географија, и составен е од две поглавја. Основи на туристичка географија и Елементи и фактори на туристичките движења во географскиот простор.

Во поглавјето Основи на туристичка географија се обработени основните начела – поим, предмет, задачи, цели, методи, принципи, поделба и историско географскиот развој на туристичката географија. Додека пак, во второто поглавје, Елементи и фактори на туристичките движења во географскиот простор, во значителен обем, се зборува за елементите, вредностите, мотивските фактори и просторно географските вредности на туристичките движења. Посебно се акцентирани природно – географските и антропо – географските мотивски вредности. На крајот од второто поглавје изнесен е општ пресек на видовите туризам и нивната валоризација.

Вториот дел, е посветен на Посебна туристичка географија, и составен е од две поглавја, и тоа: Регионална туристичка географија и Регионален преглед на туризмот по континенти и региони

Во поглавјето, Регионална туристичка географија обработени се актуелни состојби на туристичките движења во светот, потоа регионализација, типологија и хиерахрија на туристичките региони и навна поделба во поголеми и помали региони. Додека пак, во второто поглавје обработени се податоци по континенти и туристички најразвиените региони како и податоци за туризмот во туристичко развиени држави во светот.

Во учебникот поместени се голем број тематски карти, табели, графикони и фотографии. Напоменуваме, податоците во табелите, студентие не се обрзани да ги меморираат.

На крајот, изразуваме искрена благодарност на рецензентите проф. д-р Благоја Маркоски и вонреден проф. д-р Златко Јаковлев, кои прифатија да го рецензираат ракописот по туристичка географија и на дадените совети при конечното конципирање на текстот.

Авторите се благодарни и на сите идни стручни совети и сугестии и истите ќе бидат ставени во идното ново дополнително издание.

*Автори*

# Вовед

Појавата на туризмот претставува еден од најмаркантните феномени во човековиот историски развој. Имено, туризмот ја предизвикува современата цивилазација преку давање разновидни можности за достоен начин на живот на човекот. Така, на секојдневната работа и дава нова содржина, а тоа е организираниот или индивидуалниот одмор, забава, рекреација, едукација, лечење и слично.

Географијата прва започнала да се занимава со туристичкиот феномен. Имено, уште најстарите познати факти за изучување на просторот, даваат податоци за животот на луѓето но, и за нивните потреби за одмор и рекреација. Од ова, се доаѓа и до констатација, дека, географијата уште од самиот почеток ги ставила постулатите на сложена, комплексна и милтифункционална наука. Една од најспецифичните работи на хетерогениот географски простор е определување и вреднување на елементите што ги поседува географската средина, а се важни цели за развој на туризмот. Значи, туристичката географија како научна дисциплина ги проучува сложените односи и овозможуваа географската средина да биде неопходна компонента на туризмот.

Според тоа, туризмот, како специфичен елемент во географската средина, претставува комплексна и најзабележителна наука, која мора континуирано да подлежи на туристичко-географско проучување на природните и антропогените атрактивно-мотивските вредности на просторот. Туризмот, проучувајќи го хетерогениот географскиот простор овозможува да се предвидат, разрешат и вреднуваат идните туристички потреби и движења. Врз таа основа можат да се диференцираат специфични просторни целини кои ќе требат да се искористат за туристички развој.

Развојот на туризмот постојано оди во нагорна линија, и тој во иднина би ги исполнил заложбите на секој човек да стане туристи кој би реализирал што повеќе патувања според можностите, потребите, желбите и барањата. Значи, туризмот, сигурно ќе стане стил на живот, дел од општественото живеење, каде луѓето ќе практикуваат туристичка култура на рационално користење на слободното време за одмор, рекреација, забава и слично.

Појавата на туризмот во организирана форма во нашата држава датира од пред повеќе од шеесетина години, а проучувањето на туристичката географија од приближно педесет години. Од ова произлегува дека туристичко – географското проучување има значајно место во развојот на специфично-комплексната економска гранка туризам, која постојано се надополнува со нови методологии на истражување.

## ПРВ ДЕЛ

## ОПШТА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА

## I. ОСНОВИ НА ТУРИСТИЧКА ГЕОГРАФИЈА

### 1. Поим, предмет, задачи и цели

Поимот турист и туризам како сложен збир на општествено – економски односи и појави ја потенцира човековата привремена промена на местото на престој, која се реализира преку патување со цел да се задоволат рекреативни, културни, здравствени или други потреби на помал или поголем простор.

Од тука произлегува и поимот за **туристичка географија која претставува совладување на географски простор условен од збир на односи и појави што произлегуваат од патување и престој на посетители во некое место**. Просто кажано, таа претставува наука за туристичките движења. Со ова се потврдува, дека туризмот е неразделив од географската средина, или со поедноставни зборови, нема туризам без географскиот простор, тој се создава, зависи, влијае и завршува во географскиот простор.

**Предмет на туристичката географија се токму појавите и односите меѓу туризмот и географската средина**. Туристичката географија ја согледува меѓузависноста што постои меѓу туризмот и географската средина и ги открива законитостите во распространетоста на нивните елементи, фактори и влијанија. *(Мариноски, 1992, 5)*

Основен **предмет** на туристичко-географското проучување претставуваа следните елементи: Географската средина *(заедно или посебно природни и антропогени елементи)*; географската положба; карактеристики на туристичките движења *(правци, обем, интензитет и сл.)*; промени во географскиот лик на просторот под влијание на туризмот *(патишта, хотели, ресторани, забавни паркови, вработувања и сл.)*; деградација *(од нарушување, загадување до уништување-девастација)* на природната и животната средина *(станбена, работна, рекреативна и друга средина)*; туристичко-географско реонирање*(места, центри, локалитети, подрачја, реони, региони и сл.)*; туристичко-географаска анализа и валоризација на просторот*(рационалност, економична профитабилност и сл.)*; туристичко–географска одржливост на просторот*(долгорочност, исплатливост без уништување и сл.)*.

**Туристичката географија е наука која ги изучува односите и појавите во географската средина во функција на туризмот, при што дава причинско – последичен опис на територијалната разместеност на туристичките ресурси, туристичките движења на глобален, регионален и локален план, што претставува основ за појава на туризам во одредена географска дестинација**.

Основен приод во туристичко - географското проучување е теоретско - методолошкиот пристап. Овој пристап, подразбира постапно и периодично проучување на развојот. Според ова, туристичките проучувања мора да поаѓаат од опишување – дескриптивност, која изобилува кај патеписната литература, кон стадиум на содржинско изучување на феномените во географскиот простор важни за туризмот како комплексна, сложена и масовна појава.

Денес, туризмот претставува најмасовна миграција со над една милијарда луѓе, кои мигрирале за туристички цели секаде и во секое време. Овој податок покажува, дека, туризмот е збир на појави и односи кои произлегуваат од патувањето и престојот во просторот на некое место на помал или голем број луѓе. Ваквата поврзаност и неделивост на туризмот со географската средина иницира економска меѓузависност, разместеност и валоризација на сите законитости, елементи и фактори важни за развој и одржливост на туристичките ресурси.

Поврзаноста и интеракцијата на предметот и задачите во туристичко географските истражувања непрекинато се надополнуваат, прошируваат и продлабочуваат во една бесконечна каузалност. Имено, нема разрешување на проблеми доколку не се дојде до научна вистина. Нема, откривање, диференцирање, утврдување, вреднување и одржливост, доколку не се воспостави интеракција на атрактивните, рецептивните и комуникативните фактори во географската средина во согласност со човечките вредносни интереси за туризам.

Во тој контекст, потребна е поврзаност, меѓузависност на елементите за развој на туризмот, и тоа на туризам што практикува потреби, интереси и желби на клиентите – односно туристите. Ваквото сознание за туризмот иницира диференцијација на одредени видови туризам, туристичка регионализација, на поголеми и помали просторни целини, на регионални целини на места, центри, зони, локалитети и сл.

Резимирано, **задачите** на туристичката географија произлегуваат од предметот на нејзиното проучување, а тие се следните:

- Туристичко-географски истражувања со теренски опсервации и кабинетски анализи;
- Детална и разновидна инвентаризација на природните туристички вредности во географскиот простор;
- Детална и разновидна инвентаризација на антропогените туристички вредности и туристичката понуда;
- Систематизација, генеза, степен на привлечност, валоризација и сл., на природните и антропогените туристички вредности;
- Разместеност и густина на туристичките вредности во географскиот простор;
- Утврдување на сличностите и разликите на туристичките движења во однос на емитивните и контрактивните зони;
- Систематизација, диференцирање и валоризација на атрактивните, рецептивните и комуникативните фактори;
- Влијанието на одделни фактори на географската средина во иницијалната сфера на туризмот;
- Распространетост на емитивните географски простори;
- Следење на состојбите на квалитетот и утврдување на приоритети на туристичката валоризација во одделни локалитети, подрачја и региони;
- Влијанието и распространетоста во географската средина на атрактивните, рецептивните и комуникативните фактори;
- Промоција на непознати или помалку познати туристички вредности како потенцијални туристички вредности:
- Истражување и следење на туристичкиот промет за продолжување и збогатување на туристичката сезона со нови содржини;
- Поврзаноста на сите природни и антропогени атрактивни елементи во контекст за вреднување и развој на туризмот;
- Анализа за запазување на автентичниот изглед на географскиот простор;
- Критериуми на туристичка регионализација, поделба на туристичките движења и туризмот воопшто;
- Карактеристики на туризмот во одделни географски простори;
- Планирање, користење и заштита на туризмот во географскиот простор; и
- Валоризација и одржлив развој на туризмот во географскиот простор.
  *(Панов&Штетиќ, 2006, 6-7)*

Заложбата на секоја дејност па и на туризмот е да се реализираат зацртаните задачи. За реализација на задачите, потребно е да се остварат следните теоретски и

практични цели. Всушност целите се за есенцијално потврдување на постоењето на секоја научна дисциплина.

Целата на утврдување на елементите што ги содржи туризмот е врз таа основа, да се изрази смислата од туристичкиот развој и да се регулираат туристичките движења, бидејќи „промената на една група елементи, нужно повлекува и помали и поголеми промени на останатите елементи.“ *(Јовичиќ, 1981, 20)*

Во групата на **теоретски цели** што се елементарни се издвојуваат:

- Потребата од дефинирање на целите; Потребата од диференцијација; Потребата на систематизација; и Потребата од фундираност на целите.

Во групата на **практични цели** или применливи цели на теоретските знаења во праксата, се издвојуваат:

- Дефинирање и издиференцираност на туристичките движења,
- Класификација и типологија на туристичките потреби кон понуда,
- Насочување на туристичката понуда во просторните целини,
- Туристичка валоризација на мотивите врз истражувачкиот процес,
- Валоризација на природните и антрополошките елементи,
- Утврдување на рецептивните и комуникативните елементи и односи,
- Усогласување на градбата според еколошки критериуми,
- Избегнување на деградација и девастација,
- Диференцирање на повеќе видови туризам, нивна регионализација и изучување,
- Видови туристички промет во определен простор и неговата зависност од останатите туристички простори,
- Полифункционална намена на туристичкиот простор,
- Размена и користење на туристички искуства,
- Туристичко карто-графирање, изработка на проспекти, ДВД филмови, дигитални апликации, користење на разни интернет пребарувачи и друга комуникација за туристички цели,
- Унапредување на туристичката маркетинг, пропаганда и промоција.

## 2. Методи и принципи

Туристичката географија е релативно млада научна дисциплина која забрзано ја развива својата методологија на научно - истражувачка работа. Гаранција за брзото ширење во предметот на туристичко-географското истражување е во најнепосредната поврзаност со туризмологијата, наука која се занимава со изучувањето на туризмот.

Мултидисциплинарното е доминантно во туризмот, па оттука и истото влијае врз примена на комплексни и бројни, научни методи во изучување на туризмот. Според тоа, туристичката географија во своите истражувања, покрај географската методологија користи и методи од економијата, социологијата, медицината, историјата, археологијата и другите науки.

Доминантен метод во туристичко - географските истражувања е **просторно – географскиот метод**, преку кој се обезбедува диференцирање на одредени просторни целини кои практикуваат туризам или простори кои перспективно ќе можат да развиваат туризам. Како најчести инструменти во истражувањето на просторниот метод се користат: анкети, интервјуа, опсервации, сондирања и сл.

**Генетско – еволутивниот метод** овозможува согледување за начинот на настанување на односите во просторот и нивниот развој и импликациите кои во таа смисла се одразуваат во содејство меѓу географската средина и туризмот. *(Мариноски, 1992, 10)* Во суштина преку овој метод може да се следи еволутивниот тек на развој на односите и појавите за одреден временски период.

**Компаративниот или споредбениот метод** се користи со цел да се обезбедат вреднување на факторите и елементите во географската средина и туризмот и да се изврши типологија и хиерархиско рангирање на одделни просторни вредности и целини. Овој метод се користи за да се согледаат квантитативните и квалитативните карактеристики во односите на туризмот и географската средина, во различните простори и временски дистанци и структурни содржини.

**Метод на систематизација** се применува во туристичката географија, затоа што се него се овозможува ставање во ред на појавите, процесите и системите. Систематизацијата подразбира средување на односите од ист ранг или од различен ранг. Систематизацијата на односите од ист ранг претставува **класификација**, а од различен ранг претставува **типологија**. *(Диниќ, 1989, 11)*

**Математичко – статистичките методи** се користат при обработката на квантитативните показатели на одредени појави. Тие се незаменливи во туристичко - географската валоризација, како и при одредувањето на просторната концентрација, дифузија и хомогеност. *(Диниќ, 1989, 11)*

Поради присуство на различно сфаќање на туризмот, посетителите и туристите, поради одредени недоречености и конфузија, несинхронизираност на статистиката во туризмот во светот, користењето на статистиката во туризмот постојано е подложно на проверка, критичност и селекција на податоците. *(Мариноски, 1992, 10)*

**Картографскиот метод** овозможува најсимболичните начин на прикажување на односните, факторите и елементите во географската средина. Имено, туристичко – географските карти се неизбежни во промотивните активности во туризмот. Картата е целно средство за најзабележителен и најконцизен начин да се интерпретираат, да се проверат, да се дополнуваат и коригираат научните сознанија од страна на стручната, но и од страна на пошироката јавност. Картата е најмоќно средство за туристичката пропаганда, и најмоќно средство за водење и за вреднување.

**Кабинетски и теренски истражувачки методи** – перманентно консултирање на литература, користење на микро - филмови, дешифраторски методи (дешифрирање на аеро - снимки, стари разгледници, карти, планови, скици и сл.), теренски опсервации, интервјуа, анкети, сондажи и сл.

**Информатички метод** – се користи за пишување на разни видови книги, трудови и други дела. Додека, користењето на интернетот, информатичкиот метод го направи најмоќна современа алатка за комуникација и истражување. Брзото прелистување и брзата потрага по податоци, симнување на текстови, фотографии од разни страни од светот, симнување на карти, орто-карти, филмувани клипови, брзото преведување на текстови од различни јазици и сл., научните работници, па и останатите вљубеници и корисници на туристичките услуги ги стави во исклучително мобилна состојба. Научните работници се во постојана трка на истражување, докажување, споредба со останатиот истражувачки свет, во ситуација за докажување и вреднување.

**Аудио - визуелните методи** во туристичката географија вклучуваат употреба на разни фото апарати, камери, полифункционални мобилни телефони (фотографирање, аудио и видео снимање, мултимедијални записи и сл.), со кој постојано може да се фотографира, да се снимат видео спотови, клипови, да се изработува ЦЕ *(CD)* и ДВД *(DVD)*, други промотивни материјали (филмови, флаери, проспекти, брошури и слично).

Туристичката географија вклучува и **комбинација на повеќе методи**, од погоре наведените но, и на други методи (опсервација, моделирање, историски, индукција и дедукција, сондажи, анализа, синтеза, итн.)

Во туристичко географските проучувања задолжително мора да се применуваат следните принципи: принципи на научност, принцип на објективност, принцип на

каузалност, принцип на постапност, принцип на систематичност, принцип на интердисциплинарност и други.

Постапката во комплексното туристичко – географско проучување се состои во три фази и тоа: подготвителна, аналитичка и синтетичка. *(Јовичиќ, 1981, 13)* Исполнувањето на секоја фаза вклучува одредени активности:

Табела 1. - Постапки / фази во туристичко – географските проучувања

| | |
|---|---|
| **Подготвителна фаза** | - одредување на проблемот<br>- операционализирање на просторот и времето<br>- одредување хипотеза или претпоставка<br>- оформување методолошки пристап<br>- одредување инструменти, методи и извори за истражување<br>- собирање податоци за појавата, предметот, проблемот<br>- консултирање литература и други извори на податоци<br>- диференцирање на податоците: важно – споредно |
| **Аналитичка фаза** | - утврдување на односите во проблемот, појавата и сл.<br>- дефинирање на елементите, факторите на појавите и процесите<br>- откривање на односите меѓу елементите, факторите и сл.<br>- одредување на степенот на сличности и разлики, степенот на дејство, влијание и сл.<br>- утврдување на карактеристиките на проблемот, настанување и еволуција<br>- утврдување на причинско – последичните односи |
| **Синтетичка фаза** | - донесување научни судови и заклучоци за проблемот<br>- споредба со сознанија за други појави<br>- перспективно согледување на развојот<br>- валоризација - вреднување и одржливост на просторот<br>- толкување на практични задачи и резултати од научното проучување<br>- практична примена на резултатите |

## 3. Местото на туристичката географија во науката и наставата

Туризмот како мултидисциплинарна дејност подразбира поврзано проучување и соработка со повеќе науки, научни области и научни дисциплини. Туризмологијата – наука која се занимава со комплексно изучување на туризмот е во непосредна поврзаност со туристичката географија.

Според тоа, туристичката географија соработува со бројни науки, научни области и дисциплини. Од големиот број од нив треба да се истакнат: **економските, социолошките, психолошките, медицинските, историските, етнографските, археолошките, уметничките и другите научни области**.

Ако го прифатиме фактот дека туристичката географија е поврзана со бројни природно – географски и општествено – географски дисциплини, тогаш доаѓаме до заклучок дека, туризмот само **од географски аспект** во своите проучувања вклучува дваесеттина географски дисциплини.

Така, во проучувањето на природните вредности од кои зависи туризмот потребни се сознанија од *природно – географски дисциплини*, како што се; физичка географија, геологија, геоморфологија, климатологија, хидрологија и хидрогеографија, биогеографија, петрографија и сл.

Најдоминантно влијание во проучувањето на природните вредности за туристички цели има геоморфологијата. Имено, главен предмет на проучување кај оваа наука се релјефните карактеристики, нивниот изглед, генеза и еволуција. Така, поради

широкиот и разновиден предмет на проучување, од геоморфологијата, а во функција на туризмот, се издвоиле и посебни научни дисциплини, како што се: спелеологија (наука за пештери) – спелеолошки туризам, вулканологија (наука за вулкани) – вулканолошки туризам, глациологија (наука за глечери) - леднички туризам и др.

Таков е случајот и со други физичко географски науки од чијшто предмет на проучување се издвојуваат и туристички формулации: климатологија – климатолошки туризам, планини – планински туризам, хидрологија – хидролошки туризам (со посебни специјалности, лимнологија – езерски туризам, потамологија – речен туризам, и др.), бањи – бањски или термален туризам и др.

Поврзаноста на туристичката географија навлегува и во други физичко географски науки и нивните потесни дисциплини, како што се: петрографија, минералогија, палеонтологија, океанологија, како и дел од биолошките науки општа ботаника (морфологија, систематика), општа зоологија (посебни научни дисциплини: орнитологија – наука за птици, териологија – за копнени цицачи, ихтиологија – наука за риби итн.).

Туристичката географија е тесно поврзана со многу *општествено – географски дисциплини*, бидејќи туризмот е општествена појави и е движење на населението без кое не може да постои туризам. Во оваа смисла, се издвојуваат следните научни дисциплини: демографија, географија на населби (урбана и рурална – урбан и рурален туризам), сообраќајна географија, картографија, економска географија, медицинска географија, политичка географија, аграрна географија, хумана географија, картографија и сл.

Гледано пошироко, туризмот а од тука и туристичката географија има и мали допирни точки и со економика на туризмот, социологија на туризмот, психологија на туризмот, туристичко право и други науки.

Во последно време туристичката географија е поврзана и со помалку познати научни дисциплини, како што се: туристичка демографија, туристичка картографија, туристичка медицина (медицински туризам), туристичка стоматологија (дентален туризам), туристичка археологија (археолошки туризам), туристичка музеологија (музејски туризам) и други.

Туристичката географија тесно е поврзана и со **регионалната географија**, бидејќи истата географскиот простор го проучува од помали кон поголеми регионални целини, односно од локации, места, центри, општини, области, предели, држави, региони до континенти. И од тука, и поделбата на туристичка географија на општини (пример: Туристичка географија на општина Битола), на држави (пример: Туристичка географија на Република Македонија или Национална туристичка географија), региони (пример: Туристичка географија на Јужна Европа), области (пример: Туристичка географија на планините Алпи) и континенти (пример: Туристичка географија на Австралија), итн.

Табела 2. - Односот на туристичката географија спрема другите науки, научни области и научни дисциплини

| **НАУКИ, ОБЛАСТИ, ДИСЦИПЛИНИ** | **КРАТОК ОПИС НА ВЗЕМНИОТ ОДНОС СО ТУРИСТИЧКАТА ГЕОГРАФИЈА** |
|---|---|
| **Економски науки** | Даваат голем придонес и имаат влијание врз мобилноста на туристите, нивните финансиски можности, карактерот на туристичкиот промет, маркетингот, потрошувачката, и носат заклучоци за влијанието на туризмот во вкупниот економски развој на географскиот простор |

| | |
|---|---|
| **Социолошки науки и проучувања** | Даваат сознанија за општествените односи на туризмот во рамките на географската средина. Карактеристиките на населението, слободното време и нивните можност за туризам. Потребата за туризам и за одделни социјални категории и сл. |
| **Психологијата** | Дава сознанија за мотивацијата и однесувањето на туристите, нивните желби, потреби, афинитети, односот кон патувањето, понудата, потрошувачката, престојот и сл. |
| **Медицина со медицинска географија** | Ги проучува заморот, стресот, загадувањето, бучавата, болеста, отсуството на рекреативни можности и другите, кои се основни причини на туристите за напуштање на одредена географска средина. Дава сознанија за односите и законитостите меѓу туризмот и географската средина врз здравствената состојба на туристите и потенцијалните туристи. Ги проучува квалитетот на географската средина, одговара на прашањата на кои болести, која надморска височина, која клима, вода, флора влијае и одговара за лечење, како и кои здравствено – рекреативни активности се оптимални за подобрување на здравствената состојба на луѓето. |
| **Историјата и историска географија** | Дава сознанија за историските настани и личности во врска со одредениот географски простор. Географската средина која поседува со содржајна и разновидна историја и други антропогени вредност и погодна за туристичка валоризација на просторот. |
| **Етнологија со етнографија** | Го проучува севкупното народно творештво (фолклор, обичаи, ракотворби и сл.), на одреден географски простор. Географската средина која поседува богато народно творештво дава можности за полифункционално користење и туристичка валоризација на просторот. |
| **Археологија, историја на уметност со археогеографија** | Ги проучува археолошките и уметничките артефакти и локалитети кои претставуваат туристичка атрактивна вредност. Географската средина која поседува археолошки и уметнички артефакти и локалитети и други антропогени вредности е погодна за туристичка валоризација на просторот. |
| **Архитектурата и уметничкото творештво** | Дава сознание за бројни архитектонски градби (стари куќи, тврдини, кули, бедеми, дворци, верски објекти, патишта, мостови и сл.), скулптури, фонтани, слики, театарски и музички претстави кои се значајни за развој на туризмот. Географската средина која поседува содржајна и разновидна архитектура и уметничко творештво е погодна за туристичка валоризација на просторот. |
| **Екологија со природна и животна средина** | Ги проучува односите меѓу елементите и состојбата на природната и животната средина. Без чиста и квалитетна природна и животна средина нема емитивна туристичка активност и без сочувана и унапредена животна средина не е |

| | |
|---|---|
| | можен развој на туризмот. Според тоа, природната и животната средина или географската средина која поседува елементи на органско и антропогено потекло и други антропогени вредност е погодна за туристичка валоризација на просторот. |
| **Физичка географија и геологија** | Ги проучува влијанијата на ендогените и егзогените сили, настанувањето и составот на Земјата. Односно ги толкува физичко географските и геолошките појави и процеси (создавање на макро и микро облици - планини, ридови, висорамнини и рамнини, вулканите, поствулканските појави, ерозија и сл.) кои поседуваат атрактивно – мотивски туристички својства. |
| **Геоморфологија** | Го проучува и дава објаснување за релјефот неговиот изглед, форма, големина, распространетост, генеза и еволуција. Односно ги толкува појавата и процесот на разновидните геоморфолошки форми (карстни еолски, флувијални, глацијални, абразивни, денудациони и други форми,) кои што се многу важни за туристичка валоризација на просторот. |
| **Климатологија со метеорологија** | Ги проучува и дава објаснување за глобалните и локалните климатски фактори, елементи, појави, услови, типови клими и вредности кои упатуваат на користење на оптималните здравствени и рекреативни вредности. Географската средина која поседува карактеристични климатски вредност е погодни за туристички развој. |
| **Хидрологија и хидрогеографија** | Ги проучува и дава толкување за водите (површински – извори, реки, езера, мориња, океани; и подземните води, за топлите и студените води и др.), нивната атрактивно – мотивска вредност и просторна разместеност. Дава објаснување за водите што овозможуваат оптимални туристички активности. Географската средина која поседува најпогодни и разновидни хидролошки појави, процеси е погодна за хидролошка туристичка валоризација на просторот. |
| **Биогеографија со педологија** | Дава објаснување за растителниот и животинскиот свет (флората и фауната) нивните основни био-географски фактори, елементи и нивната просторна разместеност, како фактор за туристичка валоризација на одреден географски простор. |
| **Демографија со демо-географија** | Дава сознанија и објаснувања за обемот и структурата на населението во емитивниот простор, со цел за да се определи просторната разместеност на туристичката побарувачка. Исто така, дава сознание и објаснување за обемот и структурата на рецептивното население, со цел за да се оцени прифатливоста на туризмот и нејзиниот иден развој во рецептивната географска средина. |
| **Урбана географија** | Ги проучува карактеристиките на урбаните простори, градски јадра и нивната разместеност. Тоа се средини што имаат |

| | |
|---|---|
| | двојно значење, и тоа: урбано емитивни од каде што се регрутира потенцијалната туристичка клиентела и урбано рецептивна средини која може да привлекува туристи. |
| **Рурална географија** | Ги поврзува односите меѓу туризмот и руралните – селски средини. Во последните неколку децении селската аграрна средина станува привлечна за туристите. Дава сознанија и објаснувања за туристичка валоризација на аграрниот рурален простор. |
| **Сообраќајна географија** | Дава сознанија за видот на сообраќај, превозни средства, начинот и степенот на поврзаност, како и нивната разместеност во географскиот простор за туристички потреби. Географската средина што поседува разновиден, квалитетен и современ сообраќај, овозможува валоризација на туристичкиот просторен развој. |
| **Економска географија** | Ги проучува економските процеси во географската средина. Дава сознанија за влијанието на економските ресурси, нивната разместеност во географскиот простор, можностите за планирање и насоки во настапот, просторната функционалност, валоризација и развој на туризмот на економскиот пазар. |
| **Политичка географија** | Дава сознанија за карактерот на политичките односи, политичката стабилност, односите меѓу државите, политичките асоцијации, разместеноста на државите по уредување, регионалните целини, административно – територијални поделби и слично. Целта на проучувањето е насочување на туристичката понуда кон географски простори кои се политички стабилни и даваат можност за туристички развој. |
| **Културна или хумана географија** | Ги проучува антропогено – културните карактеристики на географскиот простор, односно населението поделено по јазични, верски и други културни групи. Дава сознанија за атрактивноста на одделни географски простори, но за можностите за посета и престој од страна на туристите. |
| **Картографија со топографија** | Дава сознанија и изработува најразлични видови тематски карти за потребите на туристите. Користењето на туристичките мапи од страна на туристите им помага во препознавањето и пронаоѓањето на многу туристички елементи и објекти. Според тоа, туристичките карти претставуваат важен промотивен инструмент на туризмот во географскиот простор. |
| **Регионална географија** | Дава комплексни информации за атрактивните мотивски туристички вредности и бројни односи интеракциски односи за соодветната регионално - географска средина која што има оформено туристички – географска валоризација. |
| **Просторно и урбанистичко планирање** | Дава сознанија за можни локации и планирање на истите за потребите на туризмот. Значително има влијание во планирањето и валоризацијата на туристичкиот простор. |

| | |
|---|---|
| **Географски информатички системи** | Воспоставуваат и даваат информации соодветни на современата технологија и наука. Имено, толкува и визуелно презентира голем број туристички мотиви, елементи, појави за одделна географска средина. |
| **Други науки** | Современите науки имаат се поголема поврзаност со туризмот. Според тоа, листата на науки, научни области и дисциплини кои директно или индиректно се поврзани со туризмот и туристичкиот развој во географскиот простор станува се поголем. |

Појавата на туристичката географија во наставата се случува уште во почетокот на дваесеттиот век во Франција, Германија, Велика Британија, САД, Италија, Русија и др. Во периодот на шеесетите години на дваесеттиот век се појавува во поранешна СФРЈ, а во Република Македонија од 1970 година со формирањето на Виша туристичко-угостителска школа во Охрид, (од 1979 г. именувана како Факултет за туризам и угостителство, при Универзитет Св. Климент Охридски – Битола). Денес, туристичка географија како наставен предмет се изучува во средните туристички училишта и на повеќе факултети (Факултет за туризам и бизнис логистика, при Унвиерзитет „Гоце Делчев“ – Штип; Факултет за туризм и угостителство во Охрид, при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола; Институт за географија, студиска програма туризам, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитет во Тетово, Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје, како и на повеќе други факултети и насоки каде што се изучува туризам, угостителство, гастрониомија, хотелиерство и слично.

## 4. Поделба на туристичката географија

Туристичката географија се дели на **општа и посебна (регионална)**. Општата туристичка географија се занимава со теоретско – методолошките прашања и со географските основи на глобалната разместеност на туризмот и неговите одлики, а регионалната географија ги анализира односите на туризмот и географската средина во одделни делови на просторот. *(Диниќ, 1989, 7)*

Брзото проширување на предметот и целите на проучување овозможи и продлабочување во поделбата на туристичката географија, на **општа, посебна и применета** и втора продлабочена поделбана: **општа, посебна, регионална, национална и применета.**

<u>**Општата** туристичка географија</u> се занимава со фундаменталните теоретско – методолошки прашања, и тоа со поимот, предметот, задачите, целите, методите, принципите, поделбата, појавата, историскиот развој,поврзаноста со другите науки итуристичката географија како наставен предмет.

<u>**Посебната** туристичка географија</u> ги проучува географските основни, одлики и вредности на просторот, кои се, и можат да бидат во функција на туризмот. Во фокусот на проучувања се сите просторно - содржински елементи, облици, фактори, активности и мотиви од кои произлегуваат разни видови туризам и нивна валоризација во географскиот простор. Пример: туристичка геологија, туристичка геоморфолигија, туристичка климатологија, туристичка хидрологија, туристичка биогеографија, туристичка демогеографија и слично.

*Регионалната* туристичка географија ги анализира односите на туризмот во помали или поголеми делови на географскиот простор. Па според тоа, има т.н. дестинациски пристап и може да биде туристичка географија на локалитети, места, зони, региони, држави или пак туристичка географија на урбани и рурални средини, или регионална туристичка географија на ридско - планински предели, на островски групи и слично.

*Националната* туристичка географија ги проучува специфичностите на туризмот за одреден географски национален простор, на ниво на држава, региони или етничка заедница.

**<u>Применетата</u>** <u>туристичка географија</u> ги проучува просторното планирање, вреднување, уредување, користење, заштита и одржлив развој на туризмот во одреден географски простор, како и практичните сегменти за побрзо и подобро запознавање и уредување на туристичко - географскиот простор.

Графикон 1. – Поделба на туристичката географија




## 5. Историско – географски развој на туристичката географија

Човекот како природно битие од неговото појавување нема прекинато да се движи во географскиот простор. Движењето прво била на помали, а подоцна и на поголеми простори и растојанија. Миграциите на човекот во географскиот простор биле поединечни или во група. Основен мотив на човекот за движење во средината бил да открива нови простори, создава нови појави и односи во географската средина.

Потребата за самоодржување, запознавање и освојување биле најчестите социолошки димензии кои преминале во повисоки фази на унапредување, омасовување и насочување на миграциите кон повисоки цели. Примарна и основна цел на сите миграции на човекот се заради егзистенцијални потреби, за храна, вода и слично. Подоцна, кога миграциските движења влегуваат во организирана форма, се зголемуваат мотивите, формите, облиците и потребите за мобилност на човекот во географскиот простор.

Најчести форми и мотиви на организирани миграциски движења се поради работа, богатство, освојување, откривање, кариера, едукација но, и за лекување, авантура, одмор, забава, рекреација и слично. Од ова произлегува, дека, корените на туризмот треба да ги бараме подлабоко отколку што тоа ни се причинува. Според тоа и туристичките движења влегуваат во контекст на организирани миграции кои се плод на развојот на општествено – економските односи. Главен мотив на туристичките движења се одморот, забавата, лекувањето, рекреацијата и сл.

Патувањата на човекот низ историјата можеме да ги групираме во неколку фази/ етапи, и тоа:

- Прва фаза, преттуристички патувања или патувања со елементи на туристички движења, (*преттуризам*);
- Втора фаза, појава на туризмот или туристички движења (*туризам*);
- Трета фаза, иднина на туристичките движења, посттуристички (*посттуризам*) и футуристички движења (*футуризам*, имагинарен туризам, реален и виртуелен туризам во географскиот и вселенскиот простор).




Графикон 2 – Етапи во туризмот

Кога станува збор за појавата, развојот и поделба на туризмот, можеме да направиме и друга поделба, пример: поделба по периоди и етапи.

1. Преттуристички период на движења
   - Предисториска етапа *(Месопотамија, Египет, Индија, Кина,...);*
   - Античка етапа *(Грција, Феникија, Македонија, Грција, Рим,...);*
   - Средновековна етапа *(од 6-ти век до 1492 г.);*
   - Етапа на преттуристички патувања во новиот век *(од 1492 г. па наваму)*
2. Период на туристички патувања
   - Етапа - туризмот во деветнаесеттиот век;
   - Етапа - туризмот во дваесеттиот век *(подетапи: од 1901г. до 1918 г.; 1919 –1938; 1939–1945; подетапа-современ туризам 1946–1973; и од 1974-2000)*
   - Етапа - туризмот во дваесет и првиот, *(современ туризам од 2001 година па наваму)*
3. Период на футуризам *(почеток на футуризам од 2001 год. па наваму)*

Преглед 1.: Кратка хронологија на миграции, откривања и патувања

| **Хронологија на рани миграции, откривања и големи патувања во старата ера** | |
|---|---|
| **Година** | **Опис** |
| пред 1 милион години | Хомо Еректус, живеел во источна и јужна Африка, се движел и се населил во северна Африка и југозападна Азија или Блискиот Исток. |
| Пред 350.000 г. | Хомо Сапиенс, еволуирал од Хомо Еректус, се распространил во Африка, Европа (Неандерталец) и Азија (Питекантроп, Синантроп и др.). |
| Пред 50.000 г. | Модерен човек - Хомо Сапиенс (Кромањонец, Крапинец и сл.). |

| | |
|---|---|
| Пред 50.000 - 30.000 г. | **Хомо Сапиенс** се распространил во Австралија, Југоисточна Азија и Северна Азија. |
| Пред 15.000 г. | **Палеолитски човек**, земјоделска револуција – полјоделско општество, Источна и Јужна Азија, Северна Африка и Јужна Европа. |
| Пред 7000 - 5000 г. | **Сумер и Акад** (Месопотамија, Вавилонија): крал Хамурабиј, закони, освојувања, патувања, полјоделство, скалести пирамиди зигурати, храмови, богови, ѕидини, градови држави, канали, клинесто писмо, глинени садови, скулптури и сл.<br>**Јудеја**: градови Ерихон, Ерусалим, Тир и др. Храмови, Света книга – Тамалат, Библија (Стар Завет: патувања на Мојсеј, Аврам, и др.), храмови.<br>**Стар Египет**: храмови, пирамиди, богови, фараони, хиероглифно писмо, освојувања, патувања, сфинги, папируси, канали, наводнувања. Кралица Хатшерсут освојува и се проширува кон источниот брег на Африка. **Стара Кина**: полјоделство, канали за наводнување, глинени садови.<br>**Стара Индија**: полјоделство, повеќебоштво. |
| Пред 3 - 2000 г. | **Крит и Микена:** Критско – микенска култура, храмови. |
| Пред 2000 г | **Персија**: храмови, кралеви, освојувања. Караван сараи, карвански патишта. |
| Пред 2000 г | **Ефест** - амазонски град, трговски, до 250.000 жители, амфитеатар со капацитет до 25.000 места, библиотека од папируси, храмови и др. |
| Пред 1200 г | **Стара Грција**: полиси или градови држави (Атина, Спарта и др.), храмови, градби, уметност, театар, наука, олимписки игри 776 г. пред нашата ера, Олимпија (на секои 4 години, патување на спортистите и гостите за да се учествува на олимписките игри, награда „ловоров венец“), Делфи, одморалишта, авантуристички патувања (епски јунак Одисеј – „Одисееви патувања“ – по источниот дел на Средоземното Море; патување на бродот „Арго“ потрага по „Златното руно“ - патување од Егејско преку Мраморно и Црно Море до денешна Грузија), освојувања, трговија, глинени вазни, колонизација, подоцна и метални пари, и друго. |
| Пред 1000 г | **Феникија**: храмови, градби, градови. |
| Пред 800 г. | **Стара Македонија**: полјоделство и сточарство, кралеви, богови, храмови, метални пари – статери. Освојувања: Филип II, Александар III Македонски до Египет, Персија, Вавилон, Индија, патување, откривање и освојување (реки, Тигар, Еуфрат, градови – Вавилон, река Нил, река Јордан, езера, Мртво Море, повеќе планини до Хинду Куш – Авганистан и Кашмир, реката Инд, повеќе народи, традиции, религии), градба на градови. Александрија – голема библиотека со папирусни книги, светилник и др. |
| Пред 800 г. | **Стар Рим**: полјоделство, сточарство, трговија, уметност, храмови, градови, Рим, колосеуми, амфитеатри, аквадукти, палати, мозаици, терми, освојувања, колонизации и др. |
| **Хронологија на миграции, откривања и големи патувања во новата ера** | |
| **Година** | **Опис** |
| 500 г. | Полинезиско мигрирање и населување на островите се до Хаваи. |
| 800–1100 г. | Викиншки патувања – експедиции, Ерик Црвениот откривање на Исланд, Гренланд и североисточниот брег на Северна Америка. |
| 1271-1295 | Марко Поло, Венецијански трговец, патувал од Венеција, преку Персија, пустината Гоби, Кина – Пекинг, Бурма, Сиам, Јава, Суматра, Индија, Цејлон, и некои области од јужен Сибир и други места. |
| 1325-1354 | Ибн Батута, Мароканец кој реализирал шест патувања во Мека, а ги посетил и Индија, Кина, Шпанија и Северна Африка. |
| 1354-1492 | Повеќе Отомански и Арапски патописци и истражувачи, Азија, Северна Африка и Јужна Европа – Балкански Полуостров. |
| 1487-1488 | Бартоломео Дијаз, португалски морепловец кој поморски патувал покрај западниот брег на Африка и стигнал до најјужниот дел односно до `Ртот Добра Надеж. |

| | |
|---|---|
| 1492-1502 | Христофор Колумбо го открил новиот свет – Америка, Бахамските острови, Куба, Јамајка, Централна Америка, и северниот брег на Јужна Америка |
| 1497 г. | Јон Кабот, ги открил источните брегови на Северна Америка, позната како Нова Шкотска. |
| 1497-1499 | Васко де Гама, португалски морепловец, кој прв по воден пат, заобиколувајќи ја Африка, стигнал во Индија. |
| 1500 г. | Америко Веспучи, откривач на делови од Јужна Америка, Бразил и др. |
| 1505 г. | Алфонско де Охеда, ги открил Венецуела, езерото Маракаибо и др. |
| 1513 г. | Васко Нунез Балбоа, шпански откривач кој го открил Пацификот или Тихи Океан. |
| 1519-1521 | Фернандо Магелан, прв по воден пат го обиколил светот. На еден од Филиписките острови од домородното население бил убиен. |
| 1540-1541 | Франциско Васкез де Коронадо, шпански истражувач, бил во потрага по злато и сребро, ги открил и освоил Аризона, Ново Мексико, Тексас, Оклахома и други области во американскиот југозапад. |
| 1548-1552 | Отоманскиот капетан Пири Рејс, реализирал поморска експедиција околу Арабискиот Полуостров и преку Индискиот Океан стигнал до Индија. Пири Рејс во 1513 г. изработил карта на Атлантскиот Океан и на Централна и Јужна Америка. |
| 1602 г. | Бартоломео Консолд, англиски истражувач, на источниот брег на Северна Америка, неговото истражувачко име е Капетан Код. |
| 1608-1611 | Томас Горат англиски патник, патописец, писател и ексцентирк. Издал два тома на записи, мемоари. Патувал преку Европа и делови во Азија (Персија до Индија). |
| 1612 г. | Англискиот научник и државник Френсис Бекон публикува напис „За патувањата“ во кој настојува за патувања кои треба да служат за образование на младите и за пренесување на животното искуство на возрасните луѓе. |
| 1642-44 | Абел Тасман, ги открил островите Маурициус, Тасманија, Нов Зеланд, Фиџи, Тонга, Нова Гвинеја, северните делови од Австралија и др. |
| 1758 г. | Ричард Кокс, во Англија, основа прва компанија со име „Кокс и Кралеви“, која организирала патувања и трговски врски со колониите на Велика Британија низ целиот свет. |
| 1768-1780 | Џејмс Кук, англиски истражувач, ги истражувал североисточниот брег на Северна Америка, Тихи Океан – Нова Каледонија, Нов Зеланд, Австралија и Хаваи - каде што бил и убиен. |
| 1784-1808 | Александар Макензи и Скот, ја организирале прва експедиција околу Северна Америка и тоа северно од Мексико, ги открил големите реки Мекензи, Фрејзер, пловел во Арктичкиот Океан и др. |
| 1786 г. | Џек Балмат и Мишел Пикарт се искачиле на Мон Блан. Со што започнува модерното планинарење и алпинизмот. |
| 1804-1806 | Меривер Мевис и Вилијам Кларк ги откриле американскиот Запад, реката Колумбија, и први го виделе „западниот Пацифичкиот брег“. |
| 1808 г. | Мари Парадис е првата жена која се искачила на Мон Блан. |
| 1815 г. | Џон Л. Мек Адам и Томас Телфорд, го измислиле „макадам“ патот, со мазна тврда подлога, при што како сврзно ткиво на каменот се користел катран. „Макадам“ патот бил првиот пат кој можел да ги поднесе сите временски услови. |
| 1822 г. | Роберт Смарт од Бристол, Англија, започнува со резервирање на патници за патување со парен брод и едрење до Ирска. |
| 1826-1840 | Железничките пруги на САД, први започнаа со превоз на минерални руди, јаглен, а подоцна и на патници. |
| 1829 г. | Тремонт Хаус во Бостон го отворил првиот „модерен“ хотел. |
| 1830 г. | Во Англија со железница започнува превоз на патници. |
| 1830 г. | Зборот „турист“ се јавува во Франција, од страна на Виктор Жакмон во неговата книга „Писма“. |

| | |
|---|---|
| 1838 г. | Анри Мари Беил (Стендал) го наведува истиот збор во книгата „Мемоарите на еден туристи“. |
| 1841 г. | Томас Кук, во Англија организирал специјална екскурзија со воз на 570 патници, на релација Леичестер – Лоугборо, во должина од 12 милји (19,3 км). |
| 1850 г. | Томас Бенет, организира индивидуални патувања на разни правци. |
| 1860-1863 | Џон Х. Спок, пловел по реката Нил, стигнал до езерото Викторија, ги открил Викторините водопади и сл. |
| 1903 г. | Браќата Вилбур и Орвил Рајт го направиле првиот лет со авион. |
| 1908 г. | Хенри Форд го произвел познатиот Модел Т автомобил. |
| 1909 г. | Роберт Пири стигнал до Северниот Пол. |
| 1911 г. | Роалд Амундзен стигнал до Јужниот Пол. |
| 1918 г. | Германската компанија Луфтханза реализира прв редовен воздушен патнички сообраќај на релација Берлин – Лајпциг. |
| 1920 г. | Во САД започнува подобрување на патната мрежа. |
| 1925-1934 | Вилијам Боб, американец природонаучник - истражувач, орнитолог, морски биолог и иноватор. Со батискаф се спуштил на 3034 метри длабочина во водите на Бермудските острови. |
| 1927 г. | Чарлс А. Линдберг сам го прелетал Атлантикот од Њујорк до Парис, летајќи нонстоп. |
| 1927 г. | Пан Американ реализира поштенски лет од Ки Вест во Флорида до Хавана во Куба. |
| 1928 г. | Пан Американ реализира патнички комерцијален лет. |
| 1936 г. | Во Чикаго, САД, формирана е Асоцијација за воздушен транспорт (АТА). |
| 1945 г. | По завршувањето на Втората светска војна започнува ера на масовен туризам. |
| 1951-1955 | Елизабет Маршал Томас, реализирал експедиција во пустината Калахари во Централна Африка. |
| 1951 г. | Во Хонолули, Хаваи основана е првата Пацифичка азиска патничка агенција (ПАТА). |
| 1953 г. | Едмонт Хилари и Тензинг Норгај се искачиле на Монт Еверест. |
| 1954 г. | Велика Британија го произведува првиот патнички авион. |
| 1958 г. | Компанијата Боинг во САД го произведува првиот комерцијален авион Б-707. |
| 1959 г. | Американската воздушна компанија со авионот Б-707 реализирала лет од Лос Анџелес до Њујорк. |
| 1961 г. | Јуриј Гагарин, Русин. Тој е прв човек во вселената што ја обиколил Земјата околу нејзината орбита. |
| 1969 г. | Нил Армстронг, Едвин Олдрин и Мајкал Колинс, американски астронаути го направиле првиот лет до Месечина. Армстронг е првиот човек кој стапнал на Месечината. |
| 1970 г. | Пан Американ со авионот Боинг 747 (џамбо џет) со 352 патници го прелетал патот Њујорк – Лондон. |
| 1976 г. | Џунко Табеј од Јапонија е прва жена која се искачила на Монт Еверест. |
| 1978 г. | Бритиш Ервајс и Аир Франс започнаа со превоз на патници со Конкорд, суперсоничен авион. |
| 1994 г. | Започнува „Доба на патување“, при што повеќето комплексни патувања можат да се планираат и организираат со еден телефон. Во туристичкиот аранжман, трошоците од патник може да вклучуват различни услуги, патување со авион, брод, автобус, локален превоз, рента - кар, услуги за сместување – ноќевање, исхрана, забави и други услуги. Сите услуги се резервираат преку компјутер и се плаќаат преку кредитна картичка. |
| 1994 г. | Пуштен е во сообраќај „Канал тунел“ подводен и подземен тунел – пат и железница под Гранд Канал, помеѓу Велика Британија и Франција. Долг е 50,5 км. |
| 1996 г. | Аљаска Аирланд станува прва авиокомпанија која прифаќа онлајн резервации и плаќање преку веб – сајт на интернет. |

| | |
|---|---|
| 2001 г. | Денис Тито е првиот вселенски туристи, кој за престојот во вселената платил 20 милиони долари. |
| 2001-2004 | Во сообраќај е пуштен највисокиот мост вијадукт „Мијо“, Франција. Долг е 2,5 км, широк 32 метри, и се наоѓа на височина од 343 метри. |
| 2006 г. | Ануше Ансари е првата жена вселенски турист. |
| 2008 г. | Во Дубаи, е започнато со градба на вештачки остров „Палма“. |
| 2010 г. | Во Дубаи, Арапски Емирати, отворена е највисоката кула Бурџ Калифа, висока 828 метри. |
| 2021 г. | Прва компании за комерцијален веленски туризам. Прво вселенско патување со вселенското летало „Њу Шепард“ во кое полетале Џеф Безос, Марк Безос, Мери Валас Франк и Оливие Димон. Прва вселенска мисија без професионални астронаути „Спејс екс“, „Инспирација 4“, со 4 туристи Џеред Ајсакмен, Хајли Арцено, Сиан Проктор и Крис Семброски. |

**Извор**: Stephen Williams (2009): Tourism Geography a new synthesis, Second edition, Routledge, London and New York, pg.309; http://en.wikipedia.org/

## 5.1. Патувања со елементи на туристички движења (*преттуризам*)

Пред туристичките движења се појавуваат со појавата на човекот, со главен мотив потрага по храна. Ако се повикаме на синтагмата дека „нема туристичко движење без патување, и дека, „секое патување не претставува туристичко движење“ - тогаш, тешко ќе одговориме кога навистина се појавиле туристичките движења, и секогаш, пред туристичките движења или патувањата со елементи на туристички движења ќе ги поместуваме длабоко назад во минатото. Примерно, карактерот на овие патувања биле храната како и откривање, проширување за познавањето на географскиот хоризонт, но и други цели, пример, освојување, трговски цели, религиозни мисии, посета на роднини и пријатели во ново откриените и освоени простори, брачни врски, барање на земја за работа, населување и колонизација, патописни истражувања, а на крајот биле спортски цели, одмор, забава, здравствени цели и слично. Најчесто, заради безбедност се патувало масовно, или во групи, а ретки биле поединечните патувања.

Хронолошки гледано, патувањата можеме да ги следиме низ повеќе етапи, и тоа: патувања во предисторијата, патувања во стариот век, патувања во средниот век и патувања во новиот век. Сите овие патувања ги обединува т.н. пред туристичка фаза, каде патувањето примерно е мотивирано од потрагата по храна и богатство, што значи потребата за опстанок, откривање и освојување.

Секојдневното движење на човекот во **предисторијата** било потрага по храна, и напоредно со тоа тој откривал непознати простори, стапувал во контакт со други луѓе и животни, ја набљудувал природата, го запознавал просторот. Повторното враќање во претходно познатиот простор, кај човекот побудувал повисоки цели на љубопитство, набљудување, обележување, споредба и задоволство да се престојува и живее, во просторот кој за него претставувал најубавиот и најсигурен простор. Ова чувство се пренесувало и кај останатите лица од групата, ордата, родот, племето. На овој начин, јакнела потребата и мотивот за припаѓање во соодветната географска средина, како и мотивот да се откриваат нови и побогати простори со доволно храна, вода, плодна почва, спокојна природа, каде подолго и благодатно ќе се живее и ужива во убавиот простор.

Интересно е да спомeнеме дека, од периодот на предис-торијата, односно од палеолитот, во пештерите се среќа-ваат цртежи за живот-от во природната средина, каде се насликани луѓе и животни. Старост на овие пештерски црте-жи е повеќе од 40.000 години. Таков е случајот со повеќе пештери во Шпанија, Франција, Португали-ја, Австралија, Нами-бија, Индија и друго.



Слики 1.: Цртеж од пештерата Бхимбетка во Индија,
http://en.wikipedia.org/wiki/Bhimbetka_rock_shelters

Нешто подоцна, пред 5000 год. пр. н.е. пронајдена е и првата карта на географски простор, насликана на глинена плоча, на која се нацртани реки, планини, населби. Најверојатно, намената на оваа карта била, запознавање на просторот, каде што има, за различни цели, за освојување, побрзо снаоѓање, но и за посета на соседите, можеби за склучување на бракови, трговија, посета на храмови, изведување на ритуали, церемонии, лекување, натпревари, одмор и слично.

За разлика од предисторијата, кога најчесто луѓето патувале поради потрага по храна и богатства, на тој начин го проширувале географскиот хоризонт на своето познавање, **патувањата во стариот век**, биле поради освојувања, трговски и религиозни цели, но и да запознаваат другите народи, култури, цивилизации (пр.: историчарот Херодот, филозофот Сократ, географот Страбон, патувањата на Одисеј, верските мисионери Мојсеј, Аврам, Исус Христос, Апостол Павле, како и други луѓе кои патувале заради одмор, забава, натпревар, лекување и слично.

Како и да било, ако тргнеме од сознанието дека *„патникот открива, а туристот го посетува она што е откриено“*, тогаш и во стариот век има доста вакви сознанија. Пример: патување заради присуство на ритуали и церемонии пред храмови (театар и храм - пророчиштвото Делфи), присуство на места каде што се прогласувале владетелите, каде што се жртвувале лица за боговите, каде што се одржувале спортски и културни натпревари, (храмот на божицата Хера и статуата на богот Зевс во Олимпија, град каде што се одржувале Олимписките игри 776 г. пр. н.е., циркуси и амфитеатри, како што бил Колосеум во Рим), театарски претстави, игри, гладијаторски борби, фестивали и слично.

Уште од периодот на најстарите цивилизации до појавата на туризмот, се забележани патувања на луѓе од привилегираните класи од периодот на робовладетелското општество, преку феудалното и почетокот на капитализот. Имено, патувањето од сталното место на живеење до други места биле заради формирање или изградба на некои храмови, пирамиди, гробници, поголеми градови, уредување на просторот со сообраќајници, канали, поголеми утврувања, уредување на лековитите места како лечилишта, присуство на натпревари, претстави и друго.

Вакви преттуристички патувања, експедиции, трговски и воени освојувања среќаваме во Месопотамија – Асирците и Вавилонците, Египет, Феникија, Израел, Палестина, Персија, Индија, Кина, Грција, Македонија, Рим. (Пример: Патувањата на Херодот; Владеењето на египетскиот фараон Рамзес II, којшто владеел 66 години и изградил грандиозни градби, храмови и споменици по течението на Нил Абу Симбел, Луксор, Карнак и др. (*Abu Simbel, Luxor, Karnak* и др.) и во чие време се одржувал „Сед

фестивал“ со многу церемонии. Потоа, Освојувањата на Александар Македонски кон Африка и Азија, Патувањето на римскиот цар Нерон од Рим до Атина; патувањата на религиозни христијански и будистички мисионери, трговци кон Индија, Кина (пр.: Марко Поло) и обратно кон земјите на западот и т.н.

Познато е дека богатите класи надвор од градовите во слободната природа, граделе раскошни куќи - вили за одмор и рекреација, најчесто покрај реки, плодни полиња, плантажи од винова лоза, простори со шума и богати со дивеч за лов. Исто така, значителен број на луѓе патувале до разни локалитети каде имало лековита вода или имало изградени бањи и лечилишта (Делос во Грција, Посејдонови терми на островот Искија во близина на Неапол и сл. Или пак, примерот за првиот хотел и ресторан, така за прв хотел во светот е хотелот во Хајкава во Јапонија, кој непрекинато работи од 705 година, значи 1300 години и досега променил 52 сопственици. Овој хотел е изграден на место каде што се спојуваат реките Хајакава и Јукава и истовремено претставува една од најстарите бањи во светот. http://ugostitelstvo.mk/2015/03/hotel-koj-neprekinato-raboti-poveke-od-1300-godini/.Додека пак, за прв ресторан во светот е ресторанот во во Салцбург во Австрија, кој непрекинато работи од 803 година, односно 1212 години. http://ugostitelstvo.mk/2015/03/koj-e-najstariot-restoran-vo-svetot/).



Во средниот век, кога значајна улога имала религијата и христијанската црква, најчесто се пату-вало и посетува-ле храмови, бого-поклонство, *при-мер*: Ватикан во Рим, Компос-тела во Шпанија, Лурд во Франција, Еру-салим во Израел-Палестина, Света Гора во Грција, Мека и Медина на Арабискиот Полу-остров, Бенарес и Вандараси во Ин-дија, Ласа на Ти-бет и слично.

**Слика 2. -** Богопоклонство или аџилак, Ватикан - Рим 1300 година

За потребите на посетителите, верници, се уредувале посебни објекти – гостилници, меани, преноќувалишта, конаци, анови и карвансараи (последните три биле застапени во Османлиската Империја). Слично било и со организираните витешки војнички и спортски турнири, трговски панаѓури и забави, организирани походи на лов на диви животни во Англија, Франција и други држави.

Нешто подоцна, следат големите географски откритија кон новиот свет Америка и Австралија. Такви биле патувањата на Бартоломеј Дијаз, Христофор Колумбо, Фернандо Магелан и други морепловци. Овие патувања, претходно, биле заради барање на нови поморски патишта, откривање, запознавање, а подоцна за географски освојување, колонизација, трговски врски и верски мисии. Регистрирани се патувања и заради посета на свои роднини и пријатели во ново освоените и оформени градови, колонии, провинции, територии, протекторати и кралства.




**Слика 3.** – Мапа на Седумте антички цркви во Рим, во водичот на Франзини од 1595 г. Цртежи на Џакомо Лауро и Антонио Темпеста
http://en.wikipedia.org/wiki/Seven_Pilgrim_Churches_of_Rome

Со брзиот развој на науката, културата и техниката се менуваат ставовите кон патувањето. Од XVI до XVIII век се појавуваат мноштво книги со заложби за патување и запознавање на природата. Во 1612 г., англискиот научник и државник Френсис Бекон публикува напис „За патувањата" во кој кажува дека патувањата треба да служат за образование на младите и за пренесување на животното искуство на возрасните луѓе. Исто така, **патувањата во новиот век** се иницирани и предводени од повеќе уметници, писатели и научници, кај кои се јавуваат активности слични на туризмот, као што е идејата, потребата за „враќање во природата". Ова прв го лансира Жан Жак Русо (1712-1778), а него го следат Јохан Волфганг фон Гете (1749-1832), Џорџ Гордон Бајрон (1788-1824) и многу други млади вљубеници во природата, научни истражувачи и авантуристи припадници на привилегираната класа. Речиси во истиот период започнуваат да се реализираат идеи за патување и престој во природа.




**Слика 4.** – Неколку маршрути на „Гранд тур“

Организираните патувања, движења поведени од младата богата елита на благородници биле именувани како „Гранд тур“. Се појавиле и егзистирале во периодот од околу 1660 до 1840 година, во тоа време, во најбогатата империја – Британија. Богатите британски благородници, патописци, научници, авантуристи и други, поради едукација и задоволство, ги посетувале просторите на Европа, Азија, Африка и Северна Америка, но и правеле крстосувања по океаните. Од втората половина на осумнаесеттиот век ги посетуваат и Јужна Америка и Австралија. Кон оваа традиција се приклучиле и други млади од други држави (Австрија, Франција, Шпанија, Германија и сл.). Подоцна оваа традиција се проширува и кај средната класа, особено по појавата на железницата и параходот. Целта била, да се запознаат и другите простори, природата, луѓето, културите, цивилизациите. Се посетувале Италија (Рим, Венеција, Неапол, Помпеја), Шпанија (Мадрид, Барселона), Швајцарија (Женава, Берн, Лозана, Алпи), Германија (Минхен, Дрезден, Хеиделберг), Австрија (Алпи, Виена), Скандинавија (Осло, Стокхолм), Англија (Лондон, Ливерпул), Холандија, Фландрија, Турција (Истанбул, Солун, Атина), а некои патувале и до Египет, Персија и Индија.




Title-page of the "Crudities," 1611
*With portrait of Coryat*

Прва книга, патопис во која се повикува на географско патување и се даваат описи, е книгата на Томас Корјат (*Thomas Coryat)*, во 1608 година презел турнеја низ Европа (Франција, Италија до Венеција и назад низ Швајцарија, Германија и Холандија), користел разни превозни средства, а повеќе од половината од патувањето одел пешки. **Томас Горат** (1577-1617), бил англиски патник, патописец, писател и ексцентрик. Издал два тома на записи, мемоари (прва книга во 1608 год. и втора во 1611 година), патувал преку Европа и делови во Азија (Персија до Индија). Во книгите се зборува за патувањата во Франција, Италија, Германија и други европски земји. Пишува за живот во наведените простори, за музиката, литературата, исхраната. Томас, најголем дел од патувањето го поминал пешки.

**Слика 5. –** Корицата од првата книга на Томас Горат, 1611 г. http://en.wikipedia.org/wiki/Thomas_Coryat

Во 1612 година, Томас тргнал на уште едно патување кон медитеранските области, Грција, Персија сѐ до Индија. Во 1617 г. при престојот во градот Сурат, во Индија, се разболел од дизентерија и починал. Подоцна, во 1625 година, дел од

неговите белешки од последното патување, кои се зачувани, се објавени во Англија. Всушност, Томас бил првиот Британец кој направил Голема тура. Неговите патувања, помогнале да се популаризира идејата за Гранд тур, која практично, почнала да се применува нешто подоцна од 1660 година сѐ до 1840 година, односно до појавата на туристичките друштва, компании на Томас Кук.

Во функција на патувањата било и формирањето на првата компанија што организирала патувања, а тоа била компанијата на **Ричард Кокс** (1718-1803), основана во 1758 година, во Англија, со име „Кокс и Кралеви". Всушност оваа компанија, покрај организирани патувања, реализирала и трговски врски со колониите на Велика Британија низ целиот свет. Компанијата се занимавала со превезување на патници и стока. Свои филијали имала во САД, Индија, Австралија, и на други места.



**Слика 6**. - Richard Cox 1718–1803, founder of Cox & Kings, http://en.wikipedia.org/wiki/Cox&Kings

Самостојни и организирани патувања со предзнак на запознавање, реализирале и голем број патописци, научници и авантуристи кои патувале низ Османлиска Империја. Станува збор за странци, но и за жители на Големата Империја, која се протегала на делови од три континенти: Европа, Азија и Африка. Во оваа прилика би ги спомнале: Хаџи Калфа, Евлија Челебија, Едвард Браун, Хугас Инџеџијан, Ами Буе, Јозеф Милер, Едвард Лир и други. Наведените патописциобјавиле бројни книги во кои оставиле драгоцени белешки за ановите, конаците, карван сараите хотелите, гостилниците, меаните, излетничките места, гастрономските јадења, за специјалитети, за начинот на живот и многу други податоци.

## 5.2. Туристички движења во деветнаесеттиот век

Сите претходно наведени движења на населението содржеле елементи на туристички движења, сепак не претставувале туристички движења во вистинска смисла, бидејќи биле инцидентни, ретки, поединечни и немале континуитет. Појавата на железницата и паробродот, како средства за масовен превоз на патници го иницирале доаѓањето на првите туристички движења. Така, во 1825 година е пуштена во сообраќај првата железничка линија во Англија.

Хронологијата на појавата на туризмот во првите неколку декади од деветнаесеттиот век, и туристичката агенција на Томас Кук, биле, како што следува:

- Зборот „турист" се јавува во 1830 година во Франција, од страна на Виктор Жакмон во неговата книга „Писма", Анри Мари Беил (Стендал) го наведува истиот збор во 1838 г., во „Мемоарите на еден туристи".
- Томас Кук, на 05 јули во 1841 година, како секретар на анти алкохоличарското друштво, организирал забавно патување, кое претставува прво туристичко патување со железница на група од 570 учесници. Бидејќи станувало збор за поголема група што патувала на релација Леичестер – Лоугборо, и назад (повратен билет), и се возеле во трета класа, од железницата добил попуст во цената за групно патување. Бидејќи видел дека интересот за вакви патувања бил над

очекуваниот, тој се ангажирал не само на организацијата на превозот, туку и на сместувањето, исхраната и водичката служба.

- Во 1845 година Томас Кук организира прво комбинирано патување со железница и брод до Ирска, а во 1846 г. за Шкотска.



**Слика 7. :** Томас Кук *(1808 – 1892).*

- Тома Кук, во 1851 година ја основал првата туристичка агенција.
- Томас Кук, во 1851 година, за светската изложба во Лондон, продава 165.000 билети, а во 1855 г. за меѓународната изложба во Париз на Белгијците, Холанѓаните, Австријците и Швајцарците им продава околу 400.000 билети.
- Во 1855 година организирал прва туристичка тура низ Европа (Франција, Швајцарија, Италија), а во 1860 и 1865 година и прво и второ патување во САД.
- Во 1871 година агенцијата ја именува Томас Кук и Синови (Џон Мејсон Кук, кој во компанијата работел од 1865 година).




**Слика 8**.: Факсимил на последниот туристички билет од првото туристичко патување

- Во 1871 година организира прво туристичко патување околу светот во траење од 222 дена, во комбинација вода – копно, на релација: Англија – Атлантски Океан – Америка – Тихи Океан – Јапонија – Кина – Индија - Англија.
- Во 1879 год. Томас Кук се пензионира, а компанијата ја презема неговиот син Џон Мејсон Кук со своите два сина, компанијата презема и активности на воен транспорт и поштенски услуги на релација Британија – Египет.
- Во 1880 година компанијата почнува да организира патувања во Египет и Блискиот Исток (Палестина).
- Во 1884 година организира патување по Нил, до Картум.
- Во 1891 година компанијата прослави 50 години од своето постоење. Во текот на своето постоење основани се повеќе експозитури низ Европа, Америка, Австралија и Нов Зеланд. Повеќе децении претставувала најпозната туристичка агенција во светот. *(Марковиќ, Марковиќ, 1972, 24)* http://en.wikipedia.org/wiki/Thomas_Cook

Првиот „модерен“ хотел е отворен во Бостон во 1829 година од страна на Тремонт Хаус. Развојот на туризмот и неговото омасовување се должи на организациите, здруженијата и клубовите, чиј карактер е спортски и туристички. Во Њујорк во 1850 година, од страна на Хенри Велс и Вилијам Фарго е формирана американската Експрес компанија „Америка експрес“, како поштенско - транспортна и трговска компанија, за нешто подоцна да издава и патни чекови, а во 1920 година да прерасне и во патничка агенција. Патнички агенции се формираат во Германија, Франција, Холандија. Во Скандинавија првите туристички друштва се јавуваат во 1888 година, кога туристите ја посетуваат меѓународната изложба во Копенхаген. Во Англија во 1857 година се јавува Британскиот алпинистички клуб, а во 1885 година и првиот

кампинг клуб. Првиот туринг – клуб е основан во 1890 година во Франција, а во Гренобл во 1896 г. е формиран и првиот ски – клуб. Австриското скијачко друштво е формирано во Виена во 1892 година итн.

Придонес кон развојот на туризмот кон крајот на XIX век има Швајцарецот Цезар Риц, кој создал нова концепција на хотелските комплекси. Тој како долгогодишен работник во сферата на ресторанството и хотелиерството во Швајцарија и Франција, разработил свој концепт на изградба и оптимизација на хотелските комплекси и нивните услуги. Такви хотели изградени од Риц се: „*Grand Hotel de Roma*" (1883 г.), „**Hotel Ritz de Paris**" (1897г.), „*Hotel Carlton de Londres*" (1899г.) како и 12 други хотели. (*Великов&Стоянова&Владева, 2007, 25*)

Напоредно под западните влијанија од Европа потпаѓа и дел од Балканските држави. Секако, прва била Словенија, со почеток на туризмот на Блед - Бледското Езеро (1852 г.), нешто подоцна се организира туризам на Јадранското приморје во Хрватска, со хотел - свртралиште во Хвар во 1848 г., гостилница со соби во Дубровник во 1854 г., формирање на разни друштва, задруги, клубови и организации за прифаќање на туристи во Крк, во 1866 г., во Хвар и Врњачка Бања (Србија) основано друштво во 1868 г., Цриквеница, Лошињ, Нови Винодол, Самобор, Врњачка Бања, Опатија, Ловран и други.

Покрај западно - европските држави, одредени активности во правец на туризмот, регистрираме и во Османлиското Царство. Имено, уште од почетокот на деветнаесеттиот век, во делата на повеќе странски и турски патописци, за Истанбул (1800 г.), Солун (1828 г.), Битола (1843 г.), Скопје (1873 г.) и други градови, споменуваат и даваат описи на летувалишта, излетнички места, анови, конаци, караван сараи и хотели, како и опис на разни гастрономски јадења, специјалитети и сл. (*Матковски, 1991, 245; Матковски, 1992, 63 и 557; Матковски, 2001, 182*). Пример, во својот патопис од 1843 година, Јозеф Милер, за Битола, пишува*: „...Меѓу приватните куќи што ги има 2.500 – 2.600, се истакнува прекрасно поставениот, едноставно и со многу вкус уредениот* ***хотел*** *на грчкиот вицеконзул и аптекар Лоренцо Пери*". (*Матковски, 1992, 557*).



**Слика 9.**: Карикатури,исмејување на првите туристи,средина на деветнаесеттиот век

5.3. Туристички движења во дваесеттиот век

Дваесеттиот век за развојот на туризмот може да го сметаме како фаза на современ туризам кој прво се развил во форма на туризам за аристократските и имотните кругови на привилегираните класи (од почетокот на дваесеттиот век до почетокот на Втората светска војна, со две епохи, епоха до Првата светска војна, и епоха помеѓу двете светски војни). Во овој период се градат познатите одморалишта, како Иријаж, Алевар, Бриу, Сен Морис, Шамони, Цермат, Кан, Азурната ривиера, островот Капри во близина на Неапол и други.

Втората етапа на современ туризам, по Втората светска војна, е етапа која го развива туризмот во форма на масовен туризам, и тоа за сите класи, со експанзија на меѓународен туризам *(со форми од социјален туризам за поширок опфат на население, до ексклузивен или монденски туризам само за привилегирани – богати класи)*. Оваа етапа се одликува со доста јасна диференцијација на земји и религии на иницијативен и рецептивен туризам, како и држави кои даваат и примаат поголем број туристи (САД, Франција, Германија, Италија, Велика Британија, Холандија, Австрија и др.).

Тоа е период, кога освен припадниците на буржоазијата, индустријалците, банкарите и трговците во туристичките движења се јавуваат и интелектуалците и вишите чиновници. Додека пак, со остварувањето на работничките права, скратувањето на работното време, добивањето на годишен одмор, зголемувањето на платите и други социјални придобивки, туризмот добива и работничка клиентела. *(Мариноски, 1992, 17-19)*

Развојот на масовниот туризам е поттикнат од технолошкиот развој, појавата на патничкиот сообраќај – туристички автобуси, патнички автомобили, камп приколки, џипови; железничкиот сообраќај – возови со купеа за спиење, ресторани, туристички возови; воздушниот сообраќај - со големи и брзи авиони, туристички хеликоптери; поморскиот сообраќај – туристички бродови, крстосувачи, јахти, моторни чамци, и други превозни средства – велосипеди, мотори, мопеди, трицикли и сл., коишто директно влијаеле на мобилноста и масовноста на туристите.

Во правец на омасовувањето биле и разните синдикални олеснувања, попусти, регреси, сместувања, покрај во хотели, и во куќи на локалното население, кампувања, колективно сместување, со што туризмот станува феномен на масовна општествено – економска појава која влијае на економскиот развој на соодветниот географски простор.

Кулминација на развојот на туризмот е појавата на туризмот како индустрија со масовност од над 1 милијарда туристи, со остварен приход од над 1.100 милијарди долари, милиони хотели, милиони туристички агенции, милиони вработени, милијарди соби, кревети и останата туристичка инфраструктура. За реализација на сето тоа, во светот, во многу држави, егзистираат голем број министерства за туризам, стотици илјади туристички агенции, друштва, клубови, центри за развој на туризмот и сл.

Табела 3.: Движење на туристите во светот, состојба и прогноза (000.000)

| Година | 1950 | 1960 | 1970 | 1975 | 1980 | 1985 | 1990 | 1995 | 2000 | 2005 | 2010 | 2013 | 2020 | 2030 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Туристи | **25** | **69** | **166** | **222** | **286** | **327** | **458** | **565** | **687** | **808** | **937** | **1.087** | **1.260** | **1.800** |

**Извор**: Станковиќ, 2008, 47; http://mkt.unwto.org/publication/unwto-tourism-highlights-2014-edition

Во 1975 година, формирана е Светската туристичка организација (WTO), а дваесет и седми септември, во 1980 година, е прогласен за светски ден на туризмот, и од тогаш па наваму, во сите држави во светот се прославува како светски ден на туризмот. Во правец на развој на туризмот во светот егзистираат повеќе меѓународни туристички организации, асоцијации, федерации, комисии сојузи, академии и други форми на туристичко здружување. Исто така, во функција на унапредување и развојот на туризмот, во повеќе држави и градови во светот се реализираат стотиците саеми за туризам *(пример: во Њујорк, Лондон, Париз, Москва, Берлин, Минхен, Будимпешта, Рим, Виена, Пекинг, Токио, Дубаи, Белград, Софија, Атина итн.)* форум и многубројни други активности, за и од туризмот, а со главна цел, туризмот да стане сеопфатен светски процес, значаен за развојот на човештвото, во правец на изградба на ТУРИСТИЧКО ОПШТЕСТВО.

Преглед 2.: Поважни меѓународни туристички организации

| **Туристички организации** | |
|---|---|
| **Назив на организацијата** | **Основни податоци** |
| Светска туристичка организација | Основата на 1975 г., и претставува агенција на ООН. Одговорна е за промовирање на одговорен, одржлив и универзално достапен туризмот. СТО го промовира туризмот како двигател на економски раст и неговото значење за целиот свет. Во СТО членуваат над 156 држави, како редовни, а заедно со другите асоцијативни членови (6 придружни членки и 2 набљудувачи, но и преку 400 здруженија од приватен сектор, образовни институции, туристички асоцијации и др.), вкупниот број изнесува 187 членови. Седиштето се наоѓа во Мадрид, Шпанија. |
| Светска асоцијација на патнички агенции | Основана е во 1949 г. |
| Светска федерација на асоцијации на туристички агенции | Основана во 1966 г. во Рим. Во неа членуваат над 100 национални асоцијации од 114 држави. |
| Европска асоцијација на туроператори | Основана во 1989 г. и денес има над 350 членови. |
| Европска комисија на туризмот | Основана 1948 г. Денес во неа членуваат 33 европски национални туристички организации. |
| Американски туристички конгрес | Основан во 1939 г. |
| Меѓународен туристички сојуз | Основан во 1898 година и е најстара организација. Во неа членуваат 140 членови од 101 држава. |
| Меѓународна асоцијација на научните експерти по туризам | Основана во 1941 година во Швајцарија. |
| Меѓународна академија по туризам | Основана 1988 г. Седиштето е во Хонгконг. |
| Федерација на меѓународни младешки туристички организации | Основана во 1950 година. Во неа членуваат повеќе од 450 членови. |

**Извор**: **Велико Великов, Милена Стоянова, Росица Владева** (2007): География на туризма, София, стр. 31-33 (стр.319)

## 5.4. Туризмот во дваесет и првиот век и идните футуристички движења

Од 21 век па натаму туризмот започнува нова фаза на пост туристичка и футуристичка фаза во која туризмот се граничи со границата на невозможното. Така, од година во година бројот на туристи и остварениот приход се зголемува од седми жител на Земјата е туристи *(односно реализирал едно туристичко движење во годината)*, и за време на туристичкиот престојот секој потрошил по 1000 долари.

Имено, ако претходната изрека „сè она што вчера било фантазија денес е реалност", беше синоним на дваесеттиот век, синоним на првата половина на 21-ви век ќе биде изреката: „сè она што утре е фантазија денес е реалност", брзиот технолошко - технички развој на новото дигитално општество значително го измени сфаќањето за денес - утре, така се поблиску е времето, кога ќе се користи следната изрека: „денес е фантазија, а утре е реална имагинација".

Од тука, произлегува, дека иднина на туристичките движења, или посттуристичките и футуристичките движења ќе бидат движења на имагинарен туризам, реален и виртуелен туризам во субјективниот, географскиот и вселенскиот простор.

Во прилог на ова говорат безбројниот вид на технолошки изуми, патенти, во сите полиња на човековото живеење, а имаат помала или поголема примена во туризмот. Така на пример: изградени се хипер градби од хотели, ресторани, превозни средства, брзо се премостуваат географските препреки, преку хипер сателитски врски на мобилна и интернет аудио, видео и три  димензионална мрежа, хипер географскиот простор станува минорен, хипер космичкиот простор станува разбирлив и дофатлив.

Масовниот туризам се гледа на секој чекор,  од можноста да се добијат информации буквално за сè, да се изработат уникатни, ексклузивни и што повозбудливи туристички аранжмани на посета и престој, да се посетат разни места за кратко време, можност да се биде на и во копно, во воздух, во и под вода. Содржините на туристичка понуда одат и до таму, што се даваат можности да се искачува, да се плови, да се јава, да се вози, да се лета, да се фантазира, да се јаде, да се лекува, да се рекреира, да се одмара, да се забавува, да се пее, да се смее, тагува, радува, да се доживее нешто незаборавно.

Сè повеќе туристи сакаат да престојуваат во помалку познати и екстремни услови, во места кои предизвикуваат зголемен адреналин, во места на незаборавно доживување. Преку туризмот може да се доживее реалното, виртуелното и виртуозното, односно туризмот станува моќно средство за воодушевување, задоволство и екстаза. Појавата и престојот на човекот е возможна на секаде, секогаш и во секое време на планетата Земја. Туризмот на Земјата станува цивилизациска придобивка за масовна употреба од еднаш до повеќе пати годишново различна форма.

Новиот век, новиот милениум започна со туризам во вселената, космички или вселенски туризам, кога од вселената се набљудува планетата Земја, кога Земјата реално се гледа како „топка". Во 2001 година, Денис Тито од САД, е првиот вселенски турист, кој за престојот во вселената платил 20 милиони долари. По него следат уште шест други вселенски туристи (кои за патувањето и престој во вселената платиле повеќе милиони долари), тоа се: Марк Шартлуорт 2002 г. (ЈАР-ВБ), Грегори Х. Олсен 2005г. (САД), Ануше Ансари 2006г., (САД–Иран), Чарлс Шимони 2007г. (САД–Унгарија), Ричард Гриот, 2008г. (САД–ВБ), Гил Елберт 2009г. (Канада).

Одисејата на вселенскиот туризам, започнува по 2013 година, со визија до 2030 година да се посетат Месечината и планатата Марс.

Во последните неколку години бизнисмените Џеф Безос, Илон Маск и Ричард Брансон, формираат компании за комерцијален веленски туризам. И тоа, Џеф Безос, Компанија за вселенски туризам „Блу Ориџин". Прво успешно вселенско патување се реализира на 20.07.2021 година со вселенското летало „Њу Шепард" во кое полетале

Џеф Безос, Марк Безос, Мери Валас Франк и Оливие Димон. Прва вселенска мисија без професионални астронаути „Спејс екс", „Инспирација 4", со 4 туристи се реализира на 19.09.2021 година, и во него беле бизнисменот милијардер Џеред Ајсакмен, Хајли Арцено, Сиан Проктор и Крис Семброски

Според тоа, за брзо време, следни туристички дестинации на посета, престој, колонизација, населување ќе бидат Месечината, Марс и останатите планети и природни сателити на Сончевиот систем. Додека, во идните векови, космичкиот, вселенски туризам или каучинг туризам, ќе биде насочен кон нови откривања, нова футуристичка фаза, движење во други простори, во замислени – виртуелни и реални простори, а преку најсовремена технологија на телепортирање и патување на други галактички светови. Тогаш, посттуризмот - футуризмот ќе ја има уникатноста на возбудлива фантазија, *„помеѓу сонот и јавето, или „помеѓу реалното и имагинарното"*.





**Слика 10.:** Денис Тито и Ануше Ансари, првиот маж и првата жена вселенски турист

**Клучни зборови на темата:**

Поим, предмет, задачи, цели, методи, принципи, место, поделба и развој.

**Краток преглед на темата**:

Во ова поглавје се зборува за основите на туристичката географија, **поимот** турист и туризам. **Предмет** на туристичката географија е географскиот простор на збир на односи и појави што произведуваат патување и престој во некое место. Денес, туризмот претставува најмасовна миграција со над една милијарда луѓе, кои мигрираат за туристички цели на секаде и во секое време. **Задачи** на туристичката географија се: Истражување на природните и антропогените вредности на географскиот простор, нивна разместеност, систематизација, генерализација, следење на состојбите, анализа, планирање и валоризација, одржливост и промоција на туризмот во географскиот простор. **Целите** можат да бидат теоретски и практични. Дефинирање, диференцијација, систематизација, валоризација и намена на географскиот простор за туристички цели. **Методи и принципи**, туристичката географија во своите истражувања покрај географска методологија користи и методи од економијата, социологијата, медицината, историјата, археологијата и другите науки. Доминираат просторно–географскиот, генетско–еволутивниот, компаративниот, математичко – статистичкиот, картографскиот, информатичкиот и други методи.
**Местото** на географијата во науката и наставата и нивната поврзаност со повеќе науки, научни области и дисциплини. Бројни природно – географски и општествено - географски дисциплини се поврзани со туристичката географија. **Поделба** на туристичката географија на општа, посебна, регионална национална и применета. Историско – географски **развој** на претуристичките и туристичките движења, од најстарите времиња до денес, и размислувања за развој на туризмот во блиска иднина.

**Прашања за дискусија:**

1. Консултирај ја литературата и објасни за поим, предмет, задачи и цели на туристичката географија ?
2. Врз основа на текстот погоре, размисли и одговори за методите и принципите кои се користат во туристичко – географските истражувања ?
3. Туристичката географија во своите истражувања користи интеракција – взаемен однос со повеќе науки, научни области и научни дисциплини. Истражи и одговори со кои науки, области и дисциплини е поврзана туристичката географија ?
4. Објасни ја поделбата на туристичката географија ?
5. Размисли и одговори за историско–географскиот развој на туристичките движења ?
6. Истражи повеќе за историско – географскиот развој на туризмот ?